Република Северна Македонија

**Министерство за економија и труд**

Државен инспекторат за труд

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Ekonomisë dhe Punës**

Inspektorati shtetëror i punës

Архивски број : 04-3514/4
Скопје,23.04.2025 година

**З А П И С Н И К**

за спроведениот практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор

Согласно член 43 од Закон за инспекциски надзор ("Сл.весник на РСМ" бр.102/19 и Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ("Сл.весник на РСМ "бр.238/19) на ден 23.04.2025 година ,со почеток во 10,00 часот,во службените простории на ДТИ-Скопје,пред Комисија за полагање на практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор,формирана од Директорот на Државен инспекторат за труд со архивски број 04-3514/3 од 15.04.2025 год.се спроведе практичен дел од испитот за стекнување на лиценца за инспектор.

Комисијата во состав:
1.Ивона Витановска Арсиќ - ментор на кандидатот
2.Грозданка Тилева – помошник главен инспектор
3.Соња Ѓорѓиева - советник инспектор
4.Игор Вељаноски–претставник од Инспекциски совет

Кандидатот за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Владимир Ристовиќ, кандидат за советник инспектор во Државен инспекторат за труд на кого беше дадена симулација на вонреден инспекциски надзор согласно Законот за работни односи.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испит за стекнување со лиценца за инспектор ("Сл.весник.на РСМ"бр.238/19), при што кандидатот за советник инспектор изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти,затворање и документирање на инспекцискиот надзор.
Со презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот Владимир Ристовиќ, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготовка на инспекциски надзор - 15 бодови
- Спроведување на инспекциски надзор - 29 бодови
- Затворање на инспекциски надзор- 29 бодови
- Документирање на инспекциски надзор- 15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за советник инспектор освои вкупно 88 бодови, со што го положи практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Полагањето на практичниот дел за испитот се реализираше во време:
- Почеток во 10 часот на ден 23.04.2025 година.
- Завршување во 13 часот на ден 23.04.2025 година.

Комисија за полагање на практичниот дел од испитот

1.Ивона Витановска Арсиќ - ментор на кандидатот ____________
2.Грозданка Тилева – помошник главен инспектор ____________
3.Соња Ѓорѓиева - советник инспектор ____________
4.Игор Вељаноски–претставник од Инспекциски совет ____________